ПРОМЕНА, НЕ ЗАМЕНА!

# ИЗБОРНА ПРОГРАМА

ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ 2017




## ЗА ОПШТИНА

# КРИВА ПАЛАНКА

ЛЕВИЦА

# 1
# ЛЕВИЦА

16

Левица е автентична политичка партија која се залага за градење на општество засновано на демократски социјализам. Демократскиот социјализам е хумано општество каде во центарот на вниманието е човекот, односно работникот како создавач на нови општествени вредности.

# 2
# Изборна програма и кампања

Левица се залага за укинување не чисти етнички партии и формирање на мултиетнички партии во кои ќе членуваат граѓани од сите етнички заедници.

Забрана на партиите да шират на секаков вид на национализам.

Р. Македонија да биде една изборна единица и да се укине можноста за предизборни коалиции.

За локалните избори да се донесе закон со кој:

- Ќе се санкционираат притисоци врз одредени граѓани (вработени во јавна администрација и друго), да обезбедат списоци со одреден број гласачи.
- Ќе се санкционираат притисоци правени по стратегија од врата на врата, давање на подароци и парични средства.
- Ќе се санкционира носење на симпатизери со организиран транспорт – автобуси од една во друга општина.

# 3
# Равој

Развојот на државата и општините ќе се базира на природните ресурси и човечкиот потенцијал, како и странски вложувања и инвестиции.

Правење на долгорочни и краткорочни стратегии за развој, вклучувајќи ја академијата на науките, институциите, како и научни и стручни експерти.

База за развојот на државата е стратешкото богатство: минерални суровини, рударско-енергетски капацитети, почва, води, шуми, организации за услужни дејности, здравствени установи, школи, пошти и секој вид на транспорт, како и објекти за одбрана и безбдност на државата.

Стратешкото богатство нема да се продава.

Левица бара да се донесе закон за незастарување на кривичните дела поврзани со економскиот криминал, со цел преиспитување на приватизацијата на нелегално стекнатиот имот.

# 4
# Вработуање

Левица се залага за формирање на агенција за вработување, која ќе бара вработување за секој граѓанин кој наполнил 18 години (полнолетен).

Агенцијата ќе има во предвид: стручност, време на чекање за работа и имотна состојба.
Агенцијата ќе обезбедува матерјално надохнада до вработување на лицето.

За секое лице кое ќе го вработи Агенцијата следи дали установата, агенцијата му исплаќа платени придонеси за здравствено и пензиско осигурување.

Доколку не се извршуваат горенаведените обврски, Агенцијата може да поднесе прекршочна пријава.

# 5
# Инфраструктура

Основните човекови потреби: Вода, пат, струја, канализација, е нешто несфатливо да не се реализира досега. Ова нешто мора да биде приоритет за реализација на локалната власт.

- Изградба на патишта до сите населени места (асфалтирани или тампонирани).
- Изградба на мини акумулации.
- Изградба на канали за наводнување.
- Решавање на приватното земјиште кое со години не се обработува.
- Отварање на здравствени пунктови во некои населени места (села).
- Обновување на стари објекти во селата (школи, домови) и ставање во функција за потреби на граѓаните.
- Отварање на продавници.
- Создавање на услови за отварање мини фарми за одгледување на добиток.
- Формирање откупни пунктови
- Решавање на статусот на шумите во приватна сопственост (укинување на правење на геодетски елаборати).
- Обезбедување на локален сообраќај од селата до градот.
- Теренско ангажирање на стручните служби во сервис на граѓаните производители.
- Стимулација за младите и младите брачни парови кои сакаат да се вратат во село и отварање бизнис.

# 6
# Изборна програма и кампања

Постојано пратење на стари, неспособни и изнемоштени лица и нивно згрижување.

# 7

# Демократија на локалната самоуправа

- Донесување нов Закон за надлежностите на градоначалниците
- Ограначичување на градоначалничкиот мандати на два.
- Намалување на процентот за распишување на локални референдуми од 20% на 10%
- Учество на граѓаните при донесување на урбанистички план целосно или парцијално во месната заедница
- Назначување на имиња на улиците на познати научници, а не само на верски лица.
- Организирање на средби и спортски натпревари за младите, работни акции за нивно подобро дружење и запознавање.
- Почитување на борците на НОБ и зачувување на споменициите на паднатите херои.
- Информирање на граѓаните преку собири на месните заедници и јавни соопштенија преку инфо-таблите.
- Департизација: на работните места под патронат на општината да бидат оние што се најквалитетни, а не да бидат поставувани оние кои имаат најјаки партиски врски.
- Почитување на работничките права на вработените во општинската администрација и во институциите под надлежност на локалната самоуправа.
- Овозможување непречено синдикално организирање во општинската администрација и во институциите под надлежност на локалната самоуправа.

# 8
# Стоп на корупцијата

- Нулта толеранција кон изигрувањето на законите и злоупотребата на моќта и надлежностите на општинските функционери, при располагањето со општинските пари, при склучувањето на тендерите, при промената на урбанистичките планови и слично.
- Периодично издавање на финансиски извештај за трошењето на јавните средства еднаш на 6 месеци
- Намалување на бројот на членови (таму каде што бројот е голем) во управните одбори и нивна професионализација
- Намалување на високите хонорари на членовите на управните одбори на ниво од дневница на просечна плата

# 9
# Стоп на загадувањето

- Секоја општина да спроведе конкретни проекти што ќе го намалат и/или елиминираат загадувањето (кампањи за подигање јавна свест, општински програми за компостирање и рециклирање, погони за селекција и рециклирање на отпад, примена на зелени технологии, итн.).
- Секоја општина да спроведе конкретни проекти за намалување на негативните последици од климатските промени (зелено производство на електрична енергија (соларна, геотермална, ветерници), урбани градини, субвенционирање јавен превоз, субвенционирање енергетски ефикасни градби итн.).

# 10

# Стоп на нехуманиот третман на бездомните животни

- Доследно спроведување на програмата Залови-стерилизирај-вакцинирај-врати.
- Нулта толеранција за убивање бездомни животни како решение на проблемот.

16

ЛЕВИЦА

Почитувани граѓани!

Реализацијата на политичката програма на Левица овозможува пристојно место за живеење во Р. Македонија.

Гласајте за Левица, партија на иднината, за вас и вашите поколенија.




ЗА ОПШТИНА

# КРИВА ПАЛАНКА

ЛЕВИЦА

**ПРОМЕНА, НЕ ЗАМЕНА!**

Целосната верзија на Изборната програма на Левица може да ја видите на веб страницата на партијата: www.levica.mk

levica.mk LevicaPartija @levica_mk levica mk levica.mk